**Проект: „Градење капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија“**

**Област на делување IV – Развивање и спроведување активности за градење капацитети за политиките за климатските промени и трудовите и социјалните политики**

# Насоки за интегрирање на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во оценувањето и осмислувањето проекти кои се однесуваат на климата


Национален експерт
Сузана Игњатовиќ-Алексова

Меѓународен експерт
Магдалена Херст *[Magdalena Hoerst]*


јануари 2024 година

Содржина


Список на кратенки ........ 3

1. Вовед ........ 4

 1.1. Заднина и образложение ........ 5

 1.2. Целите на овие насоки ........ 6

 1.3. Делокруг и структура ........ 6

2. Разбирање на врската помеѓу родот, човечкиот капитал и климатските промени ........ 6

 2.1. Поим за род ........ 7

 2.2. Поим за човечки капитал ........ 8

 2.3. Важноста на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал ........ 9

 2.4. Влијанието на климатските промени врз ранливото население ........ 9

3. Родово нормализирање во климатските проекти ........ 10

 3.1. Начела на родовото нормализирање ........ 11

 3.2. Родова анализа при осмислувањето проекти ........ 12

 3.3. Родово одговорни цели на климатските проекти ........ 13

4. Согледување на човечкиот капитал во климатските проекти ........ 15

 4.1. Утврдување на човечкиот капитал во климатските проекти ........ 16

 4.2. Оценување на вештините и капацитетите ........ 16

 4.3. Зајакнување на човечкиот капитал заради климатска отпорност ........ 17

5. Интегрирање на родот и човечкиот капитал во климатските проекти ........ 18

 5.1. Начела за осмислување проекти ........ 19

 5.2. Поставување на целите и показателите за родот и човечкиот капитал ........ 20

 5.3. Учество на засегнатите страни ........ 21

 5.4. Чекор по чекор насоки за проектно осмислување што во себе ги интегрира родот и човечкиот капитал ........ 22

6. Заклучоци ........ 23

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ЗНУП | Зајакнати национално утврдени придонеси |
| ЗКФ | Зелен климатски фонд |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НПП | Национални планови за приспособување |
| НУП | Национално утврдени придонеси |
| ССК | Стратегиски советодавен комитет |
| ЦОР | Цели за одржлив развој |

# 1. Вовед

Оцената на националните политики за животната средина и климата низ призмата на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал ни покажува дека не постои систематска примена на врската помеѓу родот и животната средина во осмислувањето или спроведувањето на политиките. Прашањата, како што се: надминување на енергетската сиромаштија на жените, воведување на родово чувствително приспособување кон климата во урбаното проектирање, и примена на родово чувствителни оцени на влијанието врз животната средина, не се разговараат. Истовремено, делумно се признава улогата на жените во постепеното намалување на зависноста од фосилните горива, преку воведување насочени мерки кои се однесуваат на вработувањето на жените. Ова важи и за улогата на жените во одржливото земјоделство и шумарство. Со поголема стратегиска поддршка на жените да студираат инженерски науки и да дојдат до лидерски позиции би можел да се зголеми бројот на жените во сектори каде што традиционално доминираат мажите, како што се еко-иновациите и зеленото патентирање. Во случајот на кружната економија, поддршката за вклучувањето на жените во зеленото претприемништво, промовирањето на родово чувствителни зелени јавни набавки, и земањето предвид на женските претпочитања во однесувањето и женските обрасци на потрошувачка при осмислување и спроведување политики, може да доведе до поодржливи избори.

Со оценувањето на националните политики за родова еднаквост и човечки капитал низ призмата на еколошката одржливост се нагласува потребата од покатегорично делување во насока на оснажување на жените и другите ранливи групи во зелената економија. Насочените приоди кон зелените вештини и зелената стручна обука, кон научно-технолошките програми, и кон родово чувствителните мерки за зелено обновување, би можеле да го зголемат присуството на жените и ранливите групи во зелените занимања. Со понатамошното нивно нормализирање во секторските политики, како што се собирањето податоци и создавањето родово чувствителни статистики за животната средина, како и со воведувањето на родовото буџетирање и финансирање, подобро би можеле да се одразат диференцираните еколошки влијанија врз политиките. Конечно, преку гарантирањето на женското учеството во јавните расправи и во донесувањето одлуки може да се потенцира улогата на жените како носители на промените во еколошките и климатските политики.

За интегрирање на врската помеѓу родот и животната средина и помеѓу човечкиот капитал и животната средина во националните политики се потребни алатки и иницијативи кои ќе ја нормализираат родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во секторските политики и ќе ја зајакнат нивната улога во стопанството и општеството. Во овие насоки се содржат и препораки кои, доколку се спроведат, би можеле да го искористат потенцијалот кој лежи во синергиите од интегрирањето на целите за родовата еднаквост, за човечкиот капитал и за еколошката одржливост.

## 1.1. Заднина и образложение

Врската помеѓу родот, човечкиот капитал и климатските промени најчесто се занемарува, а бара итно делување како на национално така и на меѓународно ниво. Еколошките и климатските кризи и социјалните нееднаквости, влошени од пандемијата на Ковид-19, ги поттикнаа земјите да го засилат своето делување на обата фронта. Па сепак, честопати недостасува интегриран приод, при што земјите ја пропуштаат приликата да ги истражат заемните урамнотежености и надополнувања помеѓу родовата еднаквост, човечкиот капитал и еколошката одржливост, и да ги минимизираат евентуалните негативни влијанија од еколошките и климатските политики.

Разликите во ранливоста и изложеноста произлегуваат од неклиматските фактори и од повеќедимензионалните нееднаквости кои се често предизвикани од нерамномерни развојни процеси. Овие разлики ги обликуваат диференцијалните ризици од климатските промени. Луѓето кои се општествено, економски, културно, политички, институционално или поинаку маргинализирани се особено ранливи на климатските промени, како и на некои одговори за приспособување и ублажување. Ваквата зголемена ранливост ретко се должи на само една причина. Попрво, таа е производ на испреплетени општествени процеси кои доведуваат до нееднаков социоекономски статус и приход, како и нееднаква изложеност. Во таквите општествени процеси спаѓа, на пример, дискриминацијата врз основа на род, класа, етничка припадност, возраст и (не)попреченост. Родовата еднаквост и оснажувањето на жените мора да го обликува и придвижува идниот развој и климатското делување и вложување.

Од неодамна се бележи значителен напредок во подигањето на родот и ранливоста, како и на човечкиот капитал, во планирањето на климатските промени на национално и глобално ниво. Во глобалните примери спаѓа и Зелениот климатски фонд (ЗКФ), кој си наложи родово чувствителен приод во својата повелба, и си донесе родова политика, како и родов акциски план, според кои ќе ги раководи своите дејствија. Најновите примери за напредок ни доаѓаат од вклучувањето на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал при изборот на национално утврдените придонеси (НУП).

Зајакнатите национално утврдени придонеси (ЗНУП) на Македонија ветуваат климатско делување кое претставува национална оцена на потенцијалното намалување на своите емисии на стакленички гасови. Родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал мора да станат дел од националните амбиции за приспособување кон и ублажување на климатските промени, и понатаму да се утврдат како вкрстен приоритет во политиките. Од суштинско значење е да постои јасна посветеност за нивно интегрирање или нормализирање во сите дејствија, стратегии и политики за климатските промени. Како што земјата се придвижува кон фазата на спроведување на Парискиот договор, ЗНУП и другите сродни национални инструменти за приспособување и ублажување, отвораат огромен потенцијал за вметнување на родово одговорни приоди и приоди кои го преобразуваат човечкиот капитал, со кои се промовира оснажувањето на жените и понатамошното приспособување на димензијата на човечкиот капитал, при што, исто така, се постигнуваат резултати и во насока на иднина со нула јаглерод и климатски отпорна иднина. Другите слични инструменти, како што се националните стратегии за развој со ниски емисии и, во случај на приспособување,

Националните планови за приспособување (НПП), обезбедуваат уште поголема предност и можност за нормализирање на родот и човечкиот капитал во планирањето на климатското делување. Меѓутоа, ова треба дополнително да се прошири на секторските стратегии и акциски планови со конкретни мерки и цели.

### 1.2. Целите на овие насоки

Интегрирањето на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во оценувањето и осмислувањето на проектите кои се однесуваат на климата е од суштинско значење за да се осигура климатските проекти да не бидат само ефективни во решавањето на еколошките предизвици, туку и да придонесуваат за општествена правичност и одржлив развој. Овие насоки имаат за цел да се обезбеди систематска рамка која ќе се применува при оценување и осмислување на проектите за потребите на ННО и ССК.

Целта е да се создаде стратегиска и политичка поддршка за стимулирање на климатски паметно, родово чувствително и инклузивно вработување, и да се стимулираат мерки за олеснување на зелените работни места, климатски паметно и инклузивно вработување низ клучните економски сектори во земјата.

### 1.3. Делокруг и структура

Овие насоки се структурирани така што го разработуваат делокругот и ја подигаат потенцијалната улога на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во решавањето на предизвиците предизвикани од климатските промени, заради поддршка на преминот кон одржлив развој и привлекување поголемо внимание. Постои сѐ поголемо разбирање меѓу ННО и ССК дека климатските промени ќе имаат зголемено влијание врз побарувачката на човечкиот капитал, за што ќе биде потребно прилагодување на постојните политики. Овие насоки обезбедуваат алатки и референци за ННО и ССК за да дефинираат информирани мерки за промовирање на климатски паметно и инклузивно вработување, пред сѐ преку разбирање на врската помеѓу родот, човечкиот капитал и климатските промени; родово нормализирање во климатските проекти; согледување на човечкиот капитал во климатските проекти; и интегрирање на родот и човечкиот капитал во климатските проекти.

## 2. Разбирање на врската помеѓу родот, човечкиот капитал и климатските промени

Факторите од животната средина можат различно да влијаат врз мажите, жените и ранливите групи, поради различните однесувања и улоги кои ги играат во општеството, како и поради нивните различни физиолошки карактеристики. Без разлика дали зборуваме за енергетиката, водата, транспортот, урбаното проектирање, земјоделството или обрасците на потрошувачка, перспективата на родот и човечкиот капитал е клучна за да се разберат разликите во влијанијата на животната средина. Деградацијата на животната средина, исто така, може да доведе до зголемено родово засновано насилство. Од друга страна,

економското, социјалното и политичкото оснажување на жените може да помогне да се забрза климатското делување, како и заштитата и зачувувањето на животната средина. Истовремено, развојот на човечкиот капитал се потпира врз вештините и развојните потреби определени со дејствијата за климатските промени, и ги опфаќа знаењата, вештините, здравјето и благосостојбата на поединците и заедниците. Климатските промени можат директно да влијаат врз човечкиот капитал така што ќе го засегнат здравјето на луѓето преку екстремни временски појави, промена на обрасците на заболување, и несигурност на храната. Освен тоа, прекинувањето на образованието и на развојот на вештините поради природните катастрофи предизвикани од климатските промени може да има долготрајни последици по развојот на човечкиот капитал.

Градењето на човечкиот капитал е суштински важна компонента за зајакнување на климатската отпорност. Заедниците со добро развиен човечки капитал се подобро опремени за усвојување на климатски отпорни практики, технологии и мерки за подготвеност за катастрофи. Знаењето и вештините играат централна улога во зајакнувањето на напорите за приспособување. Постигнувањето на целите за одржлив развој, како што се намалувањето на сиромаштијата, родовата еднаквост, и пристапот до квалитетно образование и здравствена заштита, е инхерентно поврзано со решавањето на климатските промени и развојот на човечкиот капитал. Проектите кои се однесуваат на климата, а со кои се промовира развојот на човечкиот капитал, придонесуваат за пошироки развојни цели.

Преку истражување на сложеното заемно дејство на родот, човечкиот капитал и климатските промени, можеме подобро да ја разбереме потребата за сеопфатни, интегрирани приоди кои им даваат предност на правичноста и отпорноста. Разбирањето на оваа врска е клучниот чекор кон развивањето ефективни стратегии со кои се штити човековата благосостојба, се промовира општествената правичност, и се ублажуваат штетните последици од променливата клима.

## 2.1. Поим за род

За соодветно да разбереме што претставува нормализирањето, потребно е да ни се јасни односните поими за род и еднаквост.

Родот се однесува на општествените особености и можности кои се поврзани со тоа да се биде маж или жена и на односите помеѓу жените и мажите и девојчињата и момчињата, како и на односите меѓу самите жени и односите меѓу самите мажи. Овие особености, можности и односи се општествено конструирани и се учат преку процесите на социјализација. Тие се специфични за определен контекст / за определено време и се променливи. Родот одредува што се очекува од, што им е дозволено на, и што се вреднува кај жената или мажот во даден контекст. Во повеќето општества постојат разлики и нееднаквости помеѓу жените и мажите во однос на доделените обврски, преземените активности, пристапот до и контролата врз ресурсите, како и во однос на можностите за донесување одлуки. Родот е дел од еден поширок социокултурен контекст.

Еднаквоста помеѓу жените и мажите (родова еднаквост) се однесува на еднаквите права, обврски и можности на жените и мажите и девојчињата и момчињата. Еднаквоста не значи дека жените и мажите ќе станат исто, туку дека правата, обврските и можностите на жените и мажите нема да зависат од тоа дали се родени како машко или женско. Родовата еднаквост подразбира дека предвид се земаат интересите, потребите и приоритетите и на жените и на мажите, при тоа уважувајќи ја разновидноста на различните групи жени и мажи. Родовата еднаквост не е женски проблем, туку треба да ги засегне и целосно да ги вклучи и мажите исто колку и жените. На еднаквоста помеѓу жените и мажите се гледа и како на прашање за човековите права и како на предуслов за, и показател на, одржливиот развој сосредоточен врз луѓето.

## 2.2. Поим за човечки капитал

Терминот човечки капитал се однесува на економската вредност на искуството и вештините на работникот. Во човечкиот капитал спаѓаат оние средства како што се образование, обука, интелигенција, вештини, здравје, како и некои други работи кои работодавачите ги ценат, на пример, лојалност и навременост. Дефиницијата на човечкиот капитал гласи „знаења и вештини што вработените ги поседуваат, а кои можат да се искористат за зголемување на производството и вредноста“.

Поимот за човечкиот капитал подразбира дека способностите, вештините и знаењата што секој вработен ги има се нешто што може да се измери и да придонесе за продуктивноста. Ова значи дека вложувањето во обуката, образованието, здравјето и надоместокот на вработените ќе помогне да се подобри целокупната продуктивност.

Со обезбедување обуки и образование за вработените, компанијата може да го зголеми своето производство, со што ќе се исплати вложеното во човечкиот капитал. Во овој поглед, човечкиот капитал се фокусира на интелектуалните вештини и процедуралните знаења кои го сочинуваат човечкиот капитал. Важен аспект на човечкиот капитал е тоа што тој не е пренослив – образованието, дипломата, уверението, знаењата и вештините не можат да се задржат или пренесат на нов вработен.

Меѓутоа, човечкиот капитал има тенденција да мигрира, особено во глобалните економии. Затоа, често доаѓа до премин од местата во развој или од руралните средини во поразвиените места или во урбаните средини. Оваа појава честопати се нарекува „одлив на мозоци“, како опис на процесот со кој одредени области останувaат неразвиени, додека, пак, други области просперираат и се развиваат.

Човечкиот капитал може да се амортизира, а најчестите начини се преку невработеност, повреда, ментално опаѓање, или, пак, неможност да се остане во чекор со иновациите. Да земеме за пример еден работник кој располага со специјализирани вештини – ако помине низ подолг период на невработеност, или, пак, ако технологијата која ја користи драстично се промени, можно е работникот да не може да го задржи своето ниво на специјализација. Тоа е затоа што можеби повеќе не постои побарувачка за неговите вештини. Човечкиот капитал на поединецот може да се амортизира и доколку тој не може или не сака да ги прифати новите технологии или техники, аспект кој е од големо значење за ефектите на климатските

промени врз технологиите кои се користат. Создавањето отпорен човечки капитал е крајната цел на ублажувањето на климатските промени, а тоа може да се постигне со континуирана обука и вложување во човечките вештини.

## 2.3. Важноста на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал

Човечкиот капитал **ѝ овозможува на економијата да расте**. Кога човечкиот капитал се зголемува во областите како што се науката, образованието и управувањето, тоа доведува до зголемување на иновациите, социјалната благосостојба, еднаквоста, до зголемена продуктивност, подобрени стапки на учество, а сето тоа придонесува за економскиот раст. Исто така, преку усвојувањето на новите технологии и со способноста да се приспособи на променливите климатски услови, човечкиот капитал ќе донесе економски раст и отпорност кон климатските промени.

Истовремено, економското, социјалното и политичкото оснажување на жените може да помогне да се забрза климатското делување, како и заштитата и зачувувањето на животната средина.

## 2.4. Влијанието на климатските промени врз ранливото население

Одредени групи луѓе се изложени на поголем ризик од другите, како поради климатски така и поради неклиматски фактори. На пример, луѓето кои живеат во плавно подрачје, на крајбрежје, или во области склони на силни бури, се повеќе изложени, и затоа, во повеќето случаи, се поранливи на екстремните временски услови. Оние кои живеат во сиромаштија имаат помалку капацитети и ресурси да се подготват за, или да одговорат на, екстремните временски настани. Како резултат на тоа, овие поединци или групи се очекува да претрпат поголеми влијанија од климатските опасности.

Обично, групите со повисок ризик се:

- деца,
- општествено ранливи групи,
- стари лица,
- луѓе со хронични заболувања,
- лица со попреченост,
- работници на отворено,
- бремени жени, доилки и леунки,
- самохрани родители.

Многу е важно никој да не биде изоставен, па затоа насоченото внимание кон одредени групи жени/девојчиња или мажи/момчиња е од суштинско значење. Можно е некои групи луѓе во ранливи или маргинални ситуации да имаат потреба од насочено внимание, вклучувајќи ги и групите како што се мигрантите, малцинствата, безимотните луѓе, едночлените домаќинства, лицата со попреченост или старите лица. На девојчињата можеби треба да им се обрне особено внимание поради значителните ризици од експлоатација во различни контексти.

Предвид треба да се земе и заемната испреплетеност, за да се препознаат маргинализираните малцинства и ранливостите што произлегуваат од повеќекратни, меѓусебно поврзани причинители, вклучувајќи го и дискриминирањето и исклучувањето врз основа на родовиот идентитет, сексуалната ориентација и половите карактеристики.

## 3. Родово нормализирање во климатските проекти

Влијанијата од климатските промени ги продолжуваат и зголемуваат структурните нееднаквости, како што се оние помеѓу жените и мажите.

Врските помеѓу климатските промени и одржливиот развој се силни; **ЦОР 13 конкретно е насочена кон борбата против климатските промени и нивните влијанија** [1], а членот 7 од Парискиот договор повикува на „подобрување на капацитетот за приспособување, зајакнување на отпорноста, и намалување на ранливоста од климатските промени".

Сиромашните и маргинализираните сегменти во повеќето општества (жените, старите лица, имигрантите итн.) се структурно ранливи. Климатските промени различно влијаат врз мажите и жените, во голема мера и поради нивните родово издиференцирани релативни моќи, улоги и обврски на ниво на домаќинство и на ниво на заедница. Жените се претежно преоптоварени со домашните работи и со грижата за децата, болните и старите. Понатаму, културните и верските норми за соодветните родови улоги понекогаш ги ограничуваат можностите на жените да донесуваат брзи одлуки во услови на катастрофа, а во некои случаи, нивните обврски околу грижата за децата можат да ја попречат нивната мобилност во случај на вонредни состојби. Разликите во економските можности и пристапот до продуктивните ресурси, исто така, ги прават жените поранливи на климатските промени, бидејќи тие често се посиромашни, добиваат помалку образование, и не се вклучени во политичките, општествените и домашните процеси на одлучување, а кои ги засегаат и нивните животи. Жените обично поседуваат помалку средства и повеќе зависат од природните ресурси за својата егзистенција. Оттука, сиромаштијата, заедно со социоекономската и политичката маргинализација, кумулативно ги става жените во понеповолна положба при справувањето со штетните влијанија од променливата клима.

Нормализирањето на родот во еколошките и климатските политики може да се структурира во следниве четири целни области:

- оснажување на жените во еколошките сектори;
- поддржување на присуството на жените во еколошкото лидерство и одлучување;
- промовирање на родово чувствителна еколошка правда;
- создавање статистички податоци заради следење на напредокот.

Овие класификации можат да обезбедат рамка за заложбите на Северна Македонија да го интегрира родот во националните климатски политики, но и во развивањето и осмислувањето проекти.

## 3.1. Начела на родовото нормализирање

Родовото нормализирање е процес на оценување на импликациите по жените и мажите од какво било планирано делување, вклучувајќи ги и законодавството, политиките или програмите, во сите области и на сите нивоа. Станува збор за стратегија со која грижите и искуствата и на жените и на мажите ќе станат интегрална димензија во осмислувањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите да имаат еднакви придобивки, а нееднаквоста повеќе да не се продолжува. Крајната цел е да се постигне родова еднаквост.

Родовото нормализирање се однесува на употребата на стратегијата за нормализирање за привлекување на вниманието и на ресурсите кон критичните прашања за родовата еднаквост, правата на жените, и нивното оснажување, кои инаку би можеле да бидат игнорирани или занемарени. Суштински елемент на родовото нормализирање е да се осигура приоритетните прашања за родовата еднаквост систематски и експлицитно да се утврдат и засегнат во сите цели, процеси и исходи, со цел да се обезбедат позитивни промени и „трансформација“, како и резултати за родовата еднаквост. Родовото нормализирање треба силно и експлицитно да се фокусира на постигнување позитивни развојни резултати за родовата еднаквост и за правата и оснажувањето на жените. При тоа, мора да се опфатат сите области на развој, и сите фази на развојната политика и практика мора да станат родово одговорни – од развојот на нормите, формулирањето и концептуализирањето на целите, преку осмислувањето, планирањето, спроведувањето, контролирањето, следењето и оценувањето на проектите, до управувањето со резултатите и поднесувањето извештаи.

Вниманието врз прашањата за родовата еднаквост секогаш треба да се свртува уште во почетните процеси, особено во сите процеси на собирање и анализирање податоци. Прашањата за родовата еднаквост можат отпосле да се надополнат во подоцнежните фази, но ова е секогаш потешко и помалку ефективно отколку да се вклучат уште во почетните фази. Капацитетите потребни за да се обезбеди систематско и ефективно спроведување на нормализирањето на резултатите за родовата еднаквост вклучуваат концептуална јасност и на контекстот на нормализирањето или развојот во кој ќе се спроведуваат интервенциите, и на процесот на нормализирање, вклучувајќи го и родово одговорното анализирање, планирање, управување со резултатите, како и управување со знаењето и комуникација.

Родовото нормализирање има за цел да доведе до трансформативни промени за да се постигнат позитивни резултати за родовата еднаквост и оснажувањето на жените, а ќе има ограничена вредност доколку не се фокусира експлицитно на промовирањето и следењето на позитивните резултати за родовата еднаквост во сите развојни интервенции.

Родовото нормализирање е важно и на национално и на поднационално ниво на интервенција. Тоа е важно на ниво на национална политика, при поставувањето на целите, развивањето на сеопфатни стратегиски рамки, национални развојни планови и програмски приоди, како и во создавањето и контролирањето на буџетите. На поднационално ниво, родовото нормализирање е суштински важно за осмислувањето, спроведувањето и контролирањето на програмите, проектите и услугите.

Родовото нормализирање треба да го интегрира вниманието на родовата еднаквост во рутинските процеси и процедури и да вклучи насочени интервенции за решавање на специфични ограничувања и предизвици со кои се соочуваат жените или мажите, и девојчињата или момчињата. Обидот да се надминат предизвиците за родовата еднаквост во определен сектор или област на политиката преку насочени интервенции кои се одделни од интегрираните напори во тие области нема да доведе до одржливи резултати и може да има негативни последици.

## 3.2. Родова анализа при осмислувањето проекти

Родовата анализа претставува испитување на разликите во родовите улоги, обврските, потребите, можностите и правата на жените, мажите, девојчињата, момчињата и лицата од други родови во различни контексти. Целта на родовата анализа во кој било сектор или област на политиката, или во кој било конкретен развоен контекст, е подобро да се разбере состојбата со родовата еднаквост со цел да се осигура политиката и практиката да можат систематски и ефективно да ги промовираат родовата еднаквост и правата и оснажувањето на жените. Со неа се обрнува експлицитно внимание на релативната ситуација и статусот на жените, мажите и сите родови различни луѓе во даден контекст преку истражување на разликите, нееднаквостите и основните родови односи. Родовата анализа има потенцијал да открие како родово заснованата нееднаквост, дискриминација и исклученост се општествено конструирани, преку утврдување на основните причинители и истакнување на начините на кои може да се промовираат трансформативните промени и резултати.

Родовата анализа се користи како алатка за утврдување на главните области на родово заснованата нееднаквост, дискриминација и исклученост и на специфичните предизвици и ограничувања, како и на дејствијата потребни за нивно решавање. Таа ни ги открива можностите за надградување на знаењата, искуствата, придонесите и лидерството на жените, мажите и родово различните лица, како и за задоволување на нивните самоискажани потреби, приоритети и аспирации.

Родовата анализа треба секогаш да биде контекстно специфична за секторот или областа на политиката, како и за контекстот во кој интервенциите или проектите се планираат и спроведуваат. Еден од најдобрите начини да се обезбеди контекстуализирана анализа која се базира на локалната реалност и е поврзана со целите, потребите и приоритетите на засегнатите страни, е самите засегнати страни да се вклучат во спроведувањето на анализите. Активното вклучување на засегнатите страни може да помогне да се олесни разбирањето на локалниот контекст преку утврдување на предизвиците и ограничувањата, како и потенцијалите и можностите. Исто така, може да ја зајакне и сопственоста на, и поддршката за, развојните интервенции и утврдените трансформативни промени и резултати. Родовата анализа мора да се фокусира врз жените и мажите, девојчињата и момчињата, како и врз односите помеѓу и меѓу нив. Кога родот се применува како синоним за жените, а мажите не се вклучени во анализите, можноста да се утврдат родовите односи, особено односите на моќ што постојат помеѓу жените, мажите и родово различните групи, како и во рамките на овие групи, е сериозно ограничен.

Со мешавина на квантитативни и квалитативни методи ќе се добијат различни видови на информации и ќе се обезбедат важни комплементарни погледи за состојбата со родовата еднаквост. Статистиките кои се користат за обезбедување квантитативни информации за родовите анализи треба да содржат:

- Податоци расчленети според род и возраст, колку што е тоа возможно. Кога така расчленетите податоци не се достапни, тоа треба јасно да се наведе во наодите, и да се утврдат можни начини за надминување на ова ограничување; и
- Родово специфични податоци, односно информации од особена важност за родовата еднаквост и за правата и оснажувањето на жените.

Податоците добиени од консултации, интервјуа и партиципативни методологии ќе обезбедат важни квалитативни приказни, ставајќи ги во преден план перцепциите и ставовите на засегнатите страни, и олеснувајќи го утврдувањето на посакуваните промени и резултати.

Родовата анализа не треба да се користи селективно; таа треба да се направи во сите сектори и области на политиката, имајќи го во предвид општото правило дека веројатно ќе постојат повеќе прашања за родовата еднаквост кои треба да се земат предвид во оние сектори, области на политиката и интервенции кои имаат директни импликации по луѓето. Таа секогаш треба да се прави во почетните фази на интервенцијата и планирањето.

## 3.3. Родово одговорни цели на климатските проекти

Зголемувањето на родовата одговорност во програмирањето на климатските активности или инвестиции претставува можност за рамномерно намалување на штетните влијанија од климатските промени врз жените, мажите, девојчињата и момчињата, како и за постигнување на родовата еднаквост.

ННО и ССК ќе ги користат овие насоки во процесот на приоретизирање и оценување на предлог-проектите за ЗКФ. Во таа насока, неопходно е претставниците на министерствата и на ННО/ССК да се сензибилизираат за родово одговорните приоди кон климатските дејствија и цели. Жените се носители на промените, лидери и иноватори во справувањето со заканите од климатските промени. Тие донесуваат различни и иновативни перспективи и искуства во политичките процеси, во управувањето со природните ресурси, во приспособувањето, ублажувањето и технологијата, и во нивните можности и употреби за климатско делување. Сепак, жените и мажите различно ги доживуваат влијанијата од климатските промени, при што жените се несразмерно повеќе погодени поради родовите нееднаквости. За ефективно да се одговори на климатските промени потребно е да се разбере како таквите родови нееднаквости влијаат врз прашањата како што се пристапот до и контролата врз ресурсите; институционалните структури; социјалните, културните и формалните мрежи, и процесите на одлучување. Според тоа, родовото нормализирање врз основа на родовата анализа мора да стане составен дел на климатската политика и делување. Со нормализирање на родовите согледувања во климатската политика и делување, климатските приоди ќе станат поефикасни, поефективни и поправични со тоа што ќе бидат одговорни и ќе обезбедат пошироки придобивки за задоволување на потребите на жените и мажите, вклучително и

преку надоместување и заеднички придобивки Повеќето секторски министерства немаат капацитет да ги препознаат и вградат родовите перспективи во својата работа. Механизмите или министерствата надлежни за родовата еднаквост ретко, ако и воопшто, се консултираат во поглед на тоа да се обезбеди вклучување на родовите перспективи во работата на ННО.

Женските организации и феминистичките групи традиционално се во првите борбени редови на промените за родовата еднаквост и за оснажување на жените, во многу сектори и области, но нивната техничка експертиза во однос на климатските промени останува ограничена, а бројот на групите и организациите кои играат важна улога во овој поглед и понатаму е мал. Меѓутоа, потребна е техничка експертиза за многуте аспекти на климатските промени, како и за родовата еднаквост, и за пресекот на двете области, за да се зајакне застапувањето и да се обезбедат влезни податоци за родово одговорна климатска политика и делување. Треба да се негува соработката помеѓу техничките експерти за климата и експертите за родовата еднаквост за да се осигура ефективно родово нормализирање во климатските промени. Исто така, постои и потребата да се вклучат националните механизми/машинерии за родова еднаквост и да се изградат нивните капацитети за да се осигура систематско интегрирање на родот и климатските промени, и да се обезбеди политичко лидерство во оваа област.

Родово одговорните климатски проекти имаат за цел да ги засегнат единствените потреби, улоги и искуства како на жените така и на мажите во контекст на климатските промени. Еве некои цели кон кои најчесто се стремат таквите проекти:

1. **Инклузивност и учество:** Поттикнување на еднакво учество на жените и мажите во процесите на одлучување поврзани со стратегиите за приспособување кон и ублажување на климатските промени.
2. **Оснажување и градење капацитети:** Обезбедување можности за жените и мажите да развијат вештини, знаења и ресурси за активно да се вклучат во климатското делување и во одржливите практики.
3. **Надминување на родовата нееднаквост:** Утврдување и надминување на основните родови нееднаквости влошени од климатските промени, како што се нееднаквиот пристап до ресурсите, економските можности, и моќта за донесување одлуки.
4. **Собирање и анализирање податоци:** Собирање на податоци расчленети според пол за подобро да се разберат диференцијалните влијанија од климатските промени врз жените и мажите, овозможувајќи понасочени и поефективни интервенции.
5. **Промовирање на диверзификацијата на изворите на приходување:** Поддржување на иницијативите кои им овозможуваат на жените и мажите да ги диверзификуваат своите извори на приходување и да се приспособат на променливите услови во животната средина предизвикани од климатските промени.

6. **Здравје и благосостојба:** Фокусирање врз подобрен пристапот до здравствена заштита, канализација и исхрана за жените и мажите во ранливите заедници погодени од климатски катастрофи.
7. **Инфраструктура и услуги:** Обезбедување правичен пристап до климатски отпорна инфраструктура, енергија, вода и канализација за жените и мажите, земајќи ги во предвид нивните специфични потреби и ранливости.
8. **Застапување и влијание врз политиките:** Застапување за родово одговорни политики на локално, национално и меѓународно ниво, интегрирајќи ги родовите согледувања во климатските политики, планови и буџети.
9. **Споделување на знаењето и свесност:** Промовирање на свеста и едукацијата за родово специфичните ранливости од климатските промени, поттикнување на промени во однесувањето, и отпорност на заедницата.
10. **Партнерства и соработка:** Поттикнување на партнерства помеѓу владите, невладините организации, бизнисите и заедниците за спроведување на инклузивни и ефективни климатски стратегии со кои се надминуваат родовите разлики.

Овие цели, кога ќе се интегрираат во климатските проекти, можат да придонесат за похолистички, поправични и повлијателни напори за решавање на предизвиците поставени од климатските промени, истовремено обезбедувајќи вклучување и оснажување на сите родови.

## 4. Согледување на човечкиот капитал во климатските проекти

Човечкиот капитал, кој вклучува знаења, вештини и здравје, е критична компонента на отпорноста на заедницата. Во костец со климатските предизвици, поединците и заедниците со поголем човечки капитал се подобро опремени да се приспособат и да одговорат ефективно. Вложувањата во развојот на човечкиот капитал го подобруваат капацитетот на поединците и заедниците да се справат со променливите услови.

Еден приод кој ветува е акумулирање на човечкиот капитал преку подобар успех во образованието. Пообразованите поединци можат да бидат подобро опремени да ја разберат сложеноста на климатската наука и да имаат поголема свесност за ризиците од климатските промени. Поголемо образование, исто така, може да создаде преносливи вештини помеѓу занимањата, поттикнувајќи го гласањето за политики кои промовираат индустрии со помало загадување, како што се субвенциите за обновлива енергија. Сепак, одредувањето на причинскиот ефект на акумулирањето на човечкиот капитал врз проклиматските уверувања и однесувања претставува предизвик. Луѓето кои избираат да продолжат со понатамошно образование се, според откриеното претпочитање, насочени кон иднината, а со тоа и се повеќе загрижени за идните последици од климатските промени. Можеби образованието и не ги предизвикува проклиматските уверувања и делувања, туку временските претпочитања. Обратната причинско-последична врска е уште еден предизвик: поединците кои веруваат во климатските промени можно е да изберат да продолжат со понатамошно образование за

подобро да се приспособат на светот кој се менува и да ја зголемат својата отпорност на промени.

## 4.1. Утврдување на човечкиот капитал во климатските проекти

Човечкиот капитал игра стожерна улога во успехот на климатските проекти, опфаќајќи широк опсег на вештини, знаења и перспективи од витално значење за нивно ефективно спроведување. Утврдувањето на овој клучен човечки капитал за време на планирањето на проектот подразбира сеопфатен приод. Потребно е да се препознае не само техничката експертиза, туку и поширок спектар на индивидуални способности, вклучувајќи ги и социокултурната заднина, родовите перспективи, и увиди во заедницата. Со темелно оценување и уважување на овој разновиден човечки капитал, проектните планери можат стратегиски да ги усогласат тимовите, искористувајќи ги различните предности и искуства. Ваквиот инклузивен приод негува средина погодна за иновации, од суштинско значење за навигирање низ сложениот пејзаж на климатските предизвици.

## 4.2. Оценување на вештините и капацитетите

Оценувањето на вештините и капацитетите на вработените е суштински аспект за управување со успешен тим. Доброто познавање на способностите на вработените ви овозможува да ги утврдите јазовите во знаењето, силните страни, како и областите за подобрување. Тоа е суштинскиот чекор кој компаниите и секторите подложни на климатските промени го користат за да ги оценат способностите на вработените да се приспособат на промената.

Оценувањето на вештините е процес кој се користи за вреднување на индивидуалните способности, знаења и компетенции во одредена област. Процесот обично подразбира правење на одредени тестови и вршење на одредени задачи за да се покаже некое ниво на владеење со дадена вештина. Таквите активности се од клучно значење за процесите на воведување во работата, кариерен развој, унапредување и сертификација, како и за да се остане во чекор со промените.

Прекините предизвикани од климатските промени, како што се екстремните временски појави и раселувањето, можат да ги нарушат образовните можности, особено за жените и младината. Ограничениот пристап до образование и до развојот на вештини остава долгорочни последици по човечкиот капитал.

Климатските промени можат да ја оштетат инфраструктурата, да ги прекинат синџирите на снабдување, и да им наштетат на економските сектори како што се земјоделството и шумарството. Кога егзистенцијата е загрозена, капацитетот за развој на вештини и за економски раст е ограничен. Добро развиениот човечки капитал може да го зголеми капацитетот на заедницата да се приспособи на климатските влијанија. Знаењето и вештините се од витално значење за спроведување на климатски отпорни практики и технологии, како и за подготвеност за катастрофи.

Од витално значење е да се осигура развој и пренос на технологии за приспособување кон и ублажување на климатските промени. Суштински е важно земјата да спроведе процес на оцена на технолошките потреби (ОТП) со кој ќе се утврдат вештините и капацитетите на човечкиот капитал. Со ОТП, одговорноста за институционализација на перспективите на човечкиот капитал се става врз националниот назначен орган (ННО).

## 4.3. Зајакнување на човечкиот капитал заради климатска отпорност

Зајакнувањето на човечкиот капитал заради климатска отпорност е каменот темелник во зајакнувањето на заедниците и системите против предизвиците што ги носи променливата клима. Зголемувањето на човечкиот капитал има стожерно значење за зајакнување на климатската отпорност, и тоа од неколку причини. Прво, зголемениот човечки капитал ги опремува заедниците со разновидни вештини и бази на знаења, овозможувајќи им подобро да ги разберат, да се приспособат кон, и да ги ублажат климатските ризици. Второ, зголемениот човечки капитал ги поттикнува иновациите и усвојувањето на приспособувачки стратегии, со што се зајакнува севкупната отпорност на групите кои се соочуваат со стресори од животната средина. Особено важните аспекти на човечкиот капитал за зајакнување на климатската отпорност опфаќаат мешавина од техничка експертиза, традиционални знаења, приспособувачки капацитети, и социокултурна свесност. Кога овие елементи се негуваат и интегрираат во рамките на заедниците, тие ги оснажуваат поединците и групите да ги навигираат и да ги издржат повеќеслојните предизвици предизвикани од климатските промени, во крајна линија поттикнувајќи поголема отпорност на локално, регионално и глобално ниво.

Зајакнувањето на климатската отпорност преку подобрен човечки капитал подразбира оснажување на заедниците и поединците со вештини, знаења и приспособувачки капацитети неопходни за соочување со, и приспособување на, климатските предизвици. Ова може да се одвива на повеќе начини, како што е наведено подолу:

1. **Зајакнато разбирање и свесност:** Подобрениот човечки капитал води кон подобро разбирање на влијанијата и ризиците од климатските промени. Програмите за образование и подигање на свеста го зголемуваат разбирањето за климатските закани, овозможувајќи им на заедниците да носат информирани одлуки и да преземат проактивни мерки.
2. **Градење на приспособувачки капацитети:** Вложувањето во човечкиот капитал подразбира развој на приспособувачки капацитети. Програмите за обука, иницијативите за градење вештини, и платформите за споделување на знаењата ги опремуваат поединците со алатки за приспособување на своите средства за егзистенција, земјоделски практики, инфраструктури и стратегии за одговор на катастрофи кон променливите климатски услови.
3. **Иновација и решавање проблеми:** Зголемениот човечки капитал води кон иновации. Го поттикнува развојот на нови технологии, техники и решенија за надминување на климатските предизвици. Заедниците со различни вештини можат заеднички да смислат креативни и контекстно специфични стратегии за справување со локалните климатски проблеми.

4. **Вклучување и учество на заедницата:** Подобрениот човечки капитал го поттикнува вклучувањето и учеството на заедницата. Кога поединците се опремени со неопходните вештини и знаења, тие стануваат активни учесници во процесите на одлучување во однос на напорите за климатското приспособување и градење отпорност.
5. **Зачувување на традиционалните знаења:** Уважувањето и интегрирањето на традиционалните системи на знаење во рамките на заедниците значително придонесува за отпорноста. Зајакнатиот човечки капитал ги почитува и користи домородните практики кои ги одржувале заедниците кога се соочувале со промените во животната средина со генерации.
6. **Општествена кохезија и мрежи:** Зајакнувањето на човечкиот капитал ги поттикнува општествените мрежи и кохезијата. Посилните врски во рамките на заедниците овозможуваат колективно делување како одговор на климатските предизвици, олеснувајќи ја заемната поддршка во време на криза.
7. **Застапување и спроведување на политиките:** Подобрениот човечки капитал може да стане двигател на застапувањето и спроведувањето на политиките. Добро информирани и квалификувани поединци можат да се залагаат за политики кои ја поддржуваат климатската отпорност, водејќи сметка управувачките структури да бидат одговорни кон потребите и предизвиците на заедницата.

Со зголемување на човечкиот капитал преку образование, развој на вештини, споделување на знаења и инклузивно учество, заедниците стануваат подобро опремени да се приспособуваат, да иновираат, и ефективно да одговорат на влијанијата од климатските промени, а со тоа и ја зајакнуваат својата севкупна отпорност.

## 5. Интегрирање на родот и човечкиот капитал во климатските проекти

Климатските промени се еден од најгорливите глобални предизвици на нашето време, со далекусежни импликации по екосистемите, економиите и човечките општества. Зголемената зачестеност и сериозност на екстремните временски појави, покачувањето на морското ниво, температурните промени, и изменетите обрасци на врнежи, се докази дека планетата се менува. Овие промени во климатските обрасци го засегаат начинот на кој живееме, работиме и влијаеме врз животната средина, создавајќи значителен ризик и за развиените и за земјите во развој.

Климатските промени се окарактеризирани како „множители на заканите“, бидејќи ги зголемуваат постојните ранливости и разлики во и помеѓу земјите. Овие влијанија се далеку од родово неутрални. Жените, мажите и маргинализираните групи често ги доживуваат климатските промени поинаку, со единствени предизвици и можности кои произлегуваат од нивните различни улоги во општеството. Родовите разлики и нееднаквости кои постоеле пред климатските промени се влошуваат, правејќи ги жените и маргинализираното население особено ранливи на влијанијата од климатските промени.

Паралелно со тоа, климатските промени и нивните сродни ефекти, како што се екстремните временски појави, оставаат последици врз човечкиот капитал. Човечкиот капитал ги опфаќа вештините, знаењата, здравјето и продуктивните способности на поединците, кои се од критична важност како за личниот така и за општествениот развој. Климатските промени можат да го поткопаат човечкиот капитал на различни начини, вклучително и со штетните последици врз здравјето, намалениот пристап до образование, и оштетување на средствата за егзистенција. Овие влијанија, пак, за возврат, можат да ги продолжат циклусите на сиромаштија и ранливост.

## 5.1. Начела за осмислување проекти

Препознавањето на несразмерното влијание на климатските промени врз жените и маргинализираните групи е императив за интегрирање на родовите согледувања во климатските проекти. Родовата еднаквост и правичност не се само основни човекови права, туку се и клучните двигатели на отпорноста и одржливиот развој. Со решавање на родовите разлики во климатските проекти, можеме да ги оснажиме жените, да ги зајакнеме нивните приспособувачки капацитети, и да обезбедиме еднаков пристап до ресурсите, можностите и процесите на одлучување.

Стратегиите за приспособување кон и ублажување на климатските промени треба да бидат општествено инклузивни. Занемарувањето на потребите на маргинализираните заедници ги продолжува нееднаквостите и ја влошува ранливоста на овие групи. Интегрирањето на согледувањата за човечкиот капитал значи вложување во знаењата и вештините на овие заедници, зајакнување на нивниот капацитет за приспособување кон климатските влијанија, и прекинување на циклусот на сиромаштијата.

Отпорноста е основната цел во климатските проекти. Со решавање на родовите разлики и зајакнување на човечкиот капитал, овие проекти можат да им помогнат на заедниците да изградат отпорност. Жените, особено, играат критична улога во управувањето со природните ресурси и во приспособувањето кон промените во животната средина. Со нивно оснажување и вложување во нивната благосостојба, проектите можат подобро да ги постигнат целите за отпорност.

Одржливиот развој е сеопфатна цел на секој климатски проект. Интегрирањето на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал е од стожерна важност за постигнување на оваа цел. Здравото, образованото и оснаженото население е поспособно да учествува во економските активности, да придонесе за локалниот развој, и да се приспособи на променливата клима. Добро образованото и здраво население е попродуктивно, како во однос на учеството на работната сила, така и во поглед на економските резултати. Климатските проекти кои го подобруваат човечкиот капитал можат да ги зајакнат локалните економии, правејќи ги заедниците поотпорни на климатските шокови.

Климатските проекти имаат двојна цел: ублажување (намалување на емисиите на стакленички гасови) и приспособување (како одговор на влијанијата од климатските промени). Интегрирањето на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал може

да ја зголеми ефективноста на обете стратегии. Родово чувствителните проекти можат да промовираат решенија за обновлива енергија, при тоа надминувајќи ги општествените разлики, а развојот на човечкиот капитал може да го подобри капацитетот за приспособување.

Како заклучок, врската помеѓу човечкиот капитал и климатските промени ја нагласува итната потреба за интегрирање на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во оценувањето и осмислувањето климатски проекти. На тој начин, можеме да се справиме со нееднаквите влијанија од климатските промени, да изградиме отпорност, да поттикнеме одржлив развој, и да ја унапредиме глобалната агенда за климатско делување. Овој приод не е само етички, туку е и стратегиски за обезбедување долгорочен успех на климатските проекти.

## 5.2. Поставување на целите и показателите за родот и човечкиот капитал

За развојот на целите и показателите за родот и човечкиот капитал во рамките на иницијативите за климатска отпорност е потребен урамнотежен и сеопфатен приод. Родово инклузивните цели се од суштинско значење за да се осигура правично учество и да се земат предвид различните предности и ранливости во заедниците кои се соочуваат со климатските предизвици. Целите на човечкиот капитал опфаќаат широк опсег на вештини, знаења и приспособувачки капацитети кои се од суштинско значење за градење отпорност. Показателите можат да опфатат мерки за нивото на образование, зајакнување на вештините, вклучување во процесите на одлучување, вградување на традиционалните знаења, и спроведување политики за поддршка. Овој урамнотежен приод ја уважува важноста на родовата инклузивност и различните вештини за ефективно надминување на и приспособување кон климатските ризици.

1. **Родови цели:**

**Цел:** Зголемување на родово инклузивното учество во процесите на одлучување.

**Показател:** Процентуално зголемување на застапеноста на жените во комитетите за климатска отпорност на заедницата или во локалните управни тела.

**Цел:** Обезбедување правичен пристап до климатско образование и обука.

**Показател:** Број на девојчиња и жени запишани на работилниците или образовните програми за приспособување кон климата.

**Цел:** Намалување на родовите разлики во пристапот до ресурсите и во контролата на климатското приспособување.

**Показател:** Процентуално зголемување на пристапот на жените до и сопственоста на климатски отпорни ресурси (земјиште, водата итн.).

2. **Цели за човечки капитал:**

**Цел:** Подобрување на климатските вештини и знаења.

**Показател:** Број на лица обучени за земјоделски практики отпорни на климата или за техники на подготвеност за катастрофи.

**Цел:** Поттикнување на иновации и размена на знаење за климатско приспособување.

**Показател:** Број на иницијативи или проекти предводени од заедницата кои се однесуваат на климатските предизвици.

**Цел:** Вклучување на традиционалните системи на знаење во стратегиите за климатска отпорност.

**Показател:** Документација на традиционалните практики интегрирани во локалните планови за климатско приспособување.

3. **Комбинирани цели:**

**Цел:** Развивање на родово чувствителни политики за поддршка на развојот на човечкиот капитал за климатска отпорност.

**Показател:** Број на политики или стратегии кои експлицитно се однесуваат на родовата инклузивност во програмите и иницијативите за климатска отпорност.

**Цел:** Подобрување на пристапот до климатските информации и технологии за сите родови.

**Показател:** Процентуално зголемување на употребата на климатските информативни услуги и технологии како меѓу мажите така и меѓу жените во целните заедници.

**Цел:** Зајакнување на отпорноста на заедницата преку инклузивни процеси на одлучување.

**Показател:** Ниво на учество и вклученост на различни родови во планирањето и спроведувањето на проектите за климатска отпорност.

Овие цели и нивните соодветни показатели имаат за цел да создадат сеопфатна рамка со која ќе се промовира родовата инклузивност и развојот на разновиден човечки капитал којшто е од суштинско значење за градење отпорност кон влијанијата од климатските промени.

## 5.3. Учество на засегнатите страни

Од голема важност е да се вклучат жените, мажите и маргинализираните групи во сите фази на проектот, вклучувајќи го и планирањето, осмислувањето, спроведувањето и следењето. Треба да се поведе сметка нивните гласови да се слушнат и нивните потреби да се земат предвид во процесот. Податоците добиени од консултации, интервјуа и партиципативни методологии ќе обезбедат важни квалитативни приказни, ставајќи ги во преден план перцепциите и ставовите на засегнатите страни, и олеснувајќи го утврдувањето на посакуваните промени и резултати.

Примената на партиципативен приод ќе доведе до холистичко набљудување и постапување со потребите на различните родови и човечки капитал кои произлегуваат од аспектите на климатските промени.

Затоа е важно:

- споделување информации: информирање на сите заинтересирани страни;
- одржување консултации: обезбедување на повеќенасочен проток на информации заради воспоставување поблизок дијалог;
- донесување одлуки: вклучување на високи претставници од сите заинтересирани страни во донесувањето одлуки;
- преземање дејствија: бидејќи највисокото ниво на учество се постигнува кога сите заинтересирани страни преземаат нови дејствија.

## 5.4. Чекор по чекор насоки за проектно осмислување што во себе ги интегрира родот и човечкиот капитал

Во овој раздел се дадени практични насоки, чекор по чекор, за вклучување на родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во осмислувањето и оценувањето проекти. Следниве фази се од суштинско значење за процесот:

1. Родова анализа:
    - Направете темелна родова анализа за да разберете како климатските промени различно влијаат врз жените, мажите и ранливите групи.
    - Утврдете ги родовите разлики во пристапот до ресурсите, одлучувањето, и можностите поврзани со проектот.
2. Вклучување на засегнатите страни:
    - Вклучете ги жените, мажите и маргинализираните групи во сите фази на проектот, вклучувајќи го и планирањето, осмислувањето, спроведувањето и следењето. Поведете сметка нивните гласови да се чујат и нивните потреби да се земат предвид.
3. Градење капацитети:
    - Вложувајте во активности за градење капацитети за подобрување на знаењата и вештините на жените и маргинализираните заедници за активно учество во проектот и за приспособување кон влијанијата од климатските промени.
4. Собирање и анализирање податоци:
    - Собирајте родово расчленети податоци и погрижете се родовите согледувања да се интегрираат во процесите на собирање и анализирање податоци на проектот. Овие податоци ќе помогнат да се следи влијанието на проектот врз различните родови групи.
5. Родово одговорно буџетирање:
    - Одвојувајте ресурси конкретно за родово одговорни активности во рамките на проектниот буџет. Тука спаѓаат средства за родови обуки, иницијативи за оснажување на жените, и промовирање на женското претприемништво во климатски отпорните сектори.
6. Родово одговорни политики и прописи:
    - Погрижете се осмислувањето и спроведувањето на проектите да биде во согласност со националните и меѓународните родови политики и прописи. Промовирајте правни рамки кои ја поддржуваат родовата еднаквост и правата на жените.
7. Нормализирање на родот во проектните активности:

- Погрижете се климатските проектни активности да ги земат предвид и да ги надминат родово специфичните потреби и ранливости. На пример, жените може да имаат специфични улоги во земјоделството или управувањето со водите кои треба да се земат предвид во стратегиите за приспособување.

8. Развој на човечкиот капитал:
   - Вложувајте во човечкиот капитал преку обезбедување можности за образование и обука одредени според климатските промени, особено за жените и маргинализираните групи, за да се зголеми нивната вработливост и потенцијалот за создавање приходи, што придонесува за климатска отпорност.
9. Здравје и благосостојба:
   - Земете ги предвид здравјето и благосостојбата на корисниците на проектот, особено на жените и децата, преку интегрирање на аспектите како што се чиста вода, канализација и здравствена заштита во климатските проекти. Климатските влијанија можат да ги погодат и здравствените резултати.
10. Следење и оценување:
    - Развијте стабилен систем за следење и оценување кој го следи влијанието на проектот врз родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал. Редовно оценувајте дали проектот ги постигнува своите цели во поглед на родовата еднаквост и развојот на човечкиот капитал.
11. Приспособувачко управување:
    - Бидете подготвени да го приспособите проектот, доколку биде неопходно, врз основа на променливите климатски услови и развојните потреби на погодените заедници. Вградете ги повратните информации од засегнатите страни, особено од маргинализираните групи.
12. Споделување знаења:
    - Промовирајте ја размената на знаења и најдобри практики поврзани со интегрирањето на родот и на човечкиот капитал во климатските проекти за да се осигурате дека научените лекции ќе се применуваат во идните иницијативи.

# 6. Заклучоци

Овие насоки за климатски проекти располагаат со потенцијал да придонесат за одржлив развој, за намалување на родовите разлики, и за градење отпорност на човечкиот капитал и на заедниците кои се соочуваат со предизвиците од климатските промени.

Разбирањето на врската помеѓу родот, човечкиот капитал и климатските промени носи подобра отпорност кон климатските промени. Важно е да ни бидат јасни сродните поими за родот и еднаквоста со цел да се развие соодветно разбирање на нормализирањето во климатските проекти. Истовремено, поединците и заедниците со поголем човечки капитал се подобро опремени за ефективно да се приспособат и да одговорат. Вложувањата во развојот на човечкиот капитал го подобруваат капацитетот на поединците и заедниците да се справат со променливите услови. Потребно е да се препознае не само техничката експертиза, туку и поширокиот спектар на индивидуални способности, вклучувајќи ги и социокултурната заднина, родовите перспективи, и увиди во заедницата. Со темелно оценување и уважување на овој разновиден човечки капитал, проектните планери можат стратегиски да ги усогласат тимовите, искористувајќи ги различните предности и искуства.

Препознавањето на несразмерното влијание на климатските промени врз жените и маргинализираните групи е императив за интегрирање на родовите согледувања во климатските проекти. Стратегиите за приспособување кон и ублажување на климатските промени треба да бидат општествено инклузивни.

За интегрирање на врската помеѓу родот и животната средина и помеѓу човечкиот капитал и животната средина во националните политики се потребни алатки и иницијативи кои ќе ја нормализираат родовата димензија и димензијата на човечкиот капитал во секторските политики и ќе ја зајакнат нивната улога во стопанството и општеството. Стратегиите за климатско приспособување и ублажување со кои треба да се одговори на специфичните потреби и ранливости на жените, мажите и маргинализираните групи треба да бидат скроени по мерка, и треба да промовираат одржлив и правичен пристап до климатски отпорни технологии и ресурси.

Подеднакво важно е и редовно да се ревидира напредокот во спроведувањето на мерките и да се направат неопходните прилагодувања за да се осигура дека ќе останат одговорни кон прашањата за родот и човечкиот капитал.